Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе:

# О Д Л У К А

## За организирање на Јавна анкета и Јавната презентација по Одлуката за Утврдување на Нацрт Детален Урбанистички План за Градска четврт СЗ07,Општина Ѓорче Петров-Скопје

**Член 1**

Со одлуката се организира Јавна анкета и Јавна презентација по Одлуката за Утврдување на Нацрт Детален Урбанистички План за градска четврт СЗ 07, Општина Ѓорче Петров-Скопје, утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров со одлука со Број 08-952/4 од 14.04.2016 година.

**Член 2**

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во Јавните гласила „Вест" и "Утрински весник" и веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

**Член 3**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавување на Соопштението во јавните гласила од член 2 на оваа одлука.

**Член 4**

Јавна анкета и Јавната презентација по Одлуката за Утврдување на Нацрт Детален Урбанистички План за градска четврт СЗ 07, Општина Ѓорче Петров-Скопје, ќе се спроведе со излагање на Нацрт планот во просториите на У.З. " Даме Груев" – Општина Ѓорче Петров .

**Член 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 09-1141/1**
**од 18.04.2016 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски**

Република Македонија
Општина Ѓорче Петров
Скопје

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**

Се известуваат граѓаните и правните лица од Општината Ѓорче Петров дека е донесена Одлука за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Нацртот-Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 07, Општина Ѓорче Петров-Скопје, за просторот со вкупна површина од 21.10ха. со граница на планскиот опфат дефинирана по осовините на улиците:

**Север:** осовина на новопланирана собирна улица „15“;
**Запад:** осовина на градска магистрална улица булевар „Илинден“-„А“ А.04-С.06;
**Југ:** осовина на градска магистрална улица „Словеначка“-„А“ С.04-В.03;
**Исток:** осовина на регулација на коритото на река Лепенец- ГУП Скопје 2012год

Нацрт планот е Утврден од страна на Советот на **Општина Ѓорче Петров-Скопје**, со одлука број 08-952/4 од 14. 04. 2016 година.

**Планот ќе биде изложен во просториите на УЗ „ Даме Груев“ во период од 10 работни дена :**

- **Јавната анкета ќе трае од 20. 04. 2016год. до 05. 05. 2016год**, 10 работни дена, сметано од објавата за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета во Јавните гласила „Вест“ и "Утрински весник", **секој ден од 09.00 до 17.00 часот.**
- **Планот ќе биде објавен и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk,**
- **Јавната презентација за преставниците на јавните претпријатија и институции по Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 07, Општина Ѓорче Петров-Скопје, ќе се одржи на 27.04.2016 во 14 часот.** во просториите на **УЗ „ Даме Груев“.**
- **Јавната презентација на планот за заитересираните граѓани и правни лица ќе се одржи на 27.04.2016(среда) во 15 часот,** во просториите на **УЗ „ Даме Груев“ .**
- Анкетните листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во **просториите на УЗ „ Даме Груев“ во тек на излагањето на планот.**
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови.

**Број 09-1141/2**
**од 18.04.2016 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски с.р.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Општина Ѓорче Петров СКОПЈЕ